Врз основа на член 32 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2004, 96/04, 67/07 и 156/09) и член 26 став (2) и (3) од Законот за јавен долг ("Службен весник на Република Македонија" бр.62/05 и 88/08), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕРИОДИЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ОПШТИНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на периодичните финансиски извештаи на општините.

Член 2

Периодични финансиски извештаи се:

- месечен извештај на општинскиот буџетски корисник за извештајниот период (кумулативно) до месецот за кој се поднесува извештајот;
- месечен извештај за достасани ненамирени обврски на општинскиот буџетски корисник;
- квартален извештај за извршувањето на буџетот на општината (кумулативно) до кварталот за кој се поднесува извештајот;
- квартален извештај за достасани ненамирени обврски на општината (кумулативно) до кварталот за кој се однесува извештајот и
- квартален извештај за задолжување на општината.

Член 3

Формата и содржината на месечните финансиски извештаи од член 2, алинеа 1 и 2 од овој правилник се дадени на обрасците М1 и М2 кои се наведени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Во М1 образецот се внесуваат податоците за извршувањето на приходите и расходите на општинскиот буџетски корисник по сметки и збирно.

Во М2 образецот се внесуваат податоците за сите ненамирени обврски, како и за ненамираните обврски по видови и по ставки, со состојба на последниот ден од месецот за кој се поднесува извештајот.

Податоците во месечните извештаи се подготвуваат согласно со сметководствената евиденција на општинскиот буџетски корисник.

Член 4

Формата и содржината на кварталните финансиски извештаи од член 2 алинеа 3, 4 и 5 од овој правилник се дадени на обрасците К1, К2 и К3 кои се наведени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Во К1 образецот се внесуваат податоците за вкупните тековно-оперативни и капиталните приходи и расходи, за претходните три месеци за кои се однесува извештајниот период согласно со економската класификација на приходи и расходи по сметки и збирно.

Во К2 образецот се внесуваат податоците за сите ненамирени обврски, како и за ненамираните обврски по видови и по ставки, со состојба на последниот ден од претходниот квартал.

Во К3 образецот се внесуваат податоците за задолжување и информации за промените на состојбата на секое задолжување во претходниот квартал, како и промените на состојбата на издадените гаранции и податоци за долгот на јавните претпријатија кои се основани од општините.

Податоците во кварталните извештаи се подготвуваат согласно со сметководствената евиденција на општината.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Упатството за формата и содржината на периодичните финансиски извештаи на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/05).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ”Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07- ___________
__ . 07. 2010 година

**Заменик претседател на Влада и**
**министер за финансии**
**м-р Зоран Ставрески**